

Жарко Јорданоски

# Една причина „за“

Полемиката „веронаука во училиштата“ нужно го отвора вечниот судир помеѓу религиозната, теолошка мисла во која било форма, од една, и атеизмот, од друга страна. Атеистичката позиција секогаш божем се повикува на научната мисла, што е во основа обична манипулација, форма на затскривање на атеизмот зад авторитетот на науката. Ниту научниците се нужно атеисти (напротив, многу важни научници биле и се длабоко религиозни луѓе), ниту пак атеизмот може себеси научно да се аргументира, како што би сакал. Ништо до што науката дошла, или може да дојде во иднина, не го исклучува прашањето за постоењето и за природата на Бог. Ниту, пак, науката може да дојде до нешто што Неговото постоење ќе го потврди.

Прашањето за Бог е трансцендентно, метафизичко прашање, а сепак поблиско до секој човек, „од неговата вратна жила“. Одговорите на тоа прашање не се теоретски концепти и шпекулации, туку религиозни системи и практики, кои водат до чувствени, инспиративни и интуитивни увиди. Човекот гради научни концепти, а религијата го гради, го трансформира човекот. Науките се учат, а религиозен се станува. Верувањето е прв стадиум во религијата, религиозното битисување е неговата цел. Науката и религијата се две прави кои ниту се сечат, ниту се паралелни, туку се разминуваат. Предметот на науката не е предмет на религијата и обратно. Спознајниот апарат на науката не е спознаен апарат на религијата, и обратно. Заблудата настанува кога се бара од (некоја) наука да се изјасни за теолошки прашања, или од теологијата да се изјасни за некое научно прашање. Затоа е неупатно науката да се повикува како арбитер меѓу теизмот и атеизмот.

И атеизмот е, за негова голема жал, само едно „обично“ верување. Верување дека Бог не постои, дека го нема, дека е измислен. И дека луѓето треба да го градат својот светоглед врз основа на таа филозофска премиса. И да живеат со сè што од неа произлегува (а произлегува, меѓу другото, и голем дел од општествената мизерија во која живееме).

Како и на другите верувања, на атеизмот, се разбира, треба да му се признаат сите „граѓански“ права од корпусот на правата на слободата на уверувањето, но ништо повеќе од тоа. Најмалку може да му се даде правото да суди дали и како да се изучуваат сите други, во случајов религиозни уверувања, во македонскиот образовен систем.

Атеизмот, по природа на нештата, е агресивен, секогаш во напад, секогаш способен да ги „разобличи“ слабите страни на религиозниот светоглед, за кој по правило не знае ништо, или тоа што го знае е испревртено (зашто ја негира веронауката). А самиот не е нималку без слаби страни. Напротив. За да се биде искрен атеист, нужно е да се верува во милион нималку лесни за верување, сосема бизарни хипотези и аксиоми, без кои атеизмот е неодржлив. Прво треба да се верува дека Бог, во ниту една форма освен како производ на човечка фикција, не постои, дека целиот универзум е гола случајност, од случајниот Биг-бенг, до случајното синтетизирање на првите коацерватни капки, случајното конструирање на суперсложената структура на ДНК, па до случајното, односно еволутивно, напредување на амебите до мајмуни и до луѓе. Ако некако ви успее да се уверите во сета таа грандиозна случајност, ви останува уште малку работа - треба да се уверите дека сите основачи на светските религии - од Зороастер, Буда, Мојсеј, Исус, Мухамед и многу други, се обични лажговци, и тоа лажговци со големо „Л“, кои измислиле такви лаги што со стотици и илјадници години само се мултиплицираат. А тоа ќе ве натера да признаете дека биле генијални. Истовремено, ако сакате да бидете доследни, ќе треба да се запознаете со нивните учења и да ги отфрлите како бесмислици. Сите нивни следбеници и ученици, кои со векови се инспирирале од тие учења, сите ликовни, музички, архитектонски и литературни обработки на религиозни теми ќе мора да ги сметате за дела на наивни незнајковци, будалетинки, жртви на овие суперзлобни, а суперлукави заводници од планетарни размери. Ако меѓу тие нивни следбеници наидете на некои несомнени величини, како Леонардо, Њутн, Ајнштајн или Тесла, треба само да поверувате дека тие бадијала биле генијални кога не биле промуќурни као вас, па да ја „прозрат“ измамата на религијата. Исто така ќе треба да ги „ампутирате“ како безвредни индиската јога, кинескиот таоизам, јапонскиот зен, арапскиот суфизам и уште мал милион плодови на религиозниот поглед на свет, со кој сте решиле да расчистите. Или, ако сте импресионирани од животите на Мајка Тереза или на Махатма Ганди, ќе мора да заборавате во чие име и со каква вера тие ги вршеа своите големи дела.

Е, ако можете сето тоа ментално да го сварите (јас не би можел) ќе можете да уживате во плодот на атеизмот, наречен материјализам. Постои само она што може да се допре, слушне, измери. Човекот е „машина што мисли“, или „човекот е тоа што го јаде“. Тој е само тело, што треба да се облече, најаде, избања. Душата е религиозна измислица, духот исто така. Или, добро, духот е „надградба“, односно потреба за разонода. Гревот не постои, одговорноста кон другите е релативна. Со умирачката завршува сѐ, па чуму грижи! Тотална ментална слобода! „Акуна Матата!“, што би рекле Тимон и Пумба од „Кралот Лав“! Дозволено е човек на човека да му биде волк, а светот полигон за војна на секој против секого. Другите се непријатели во борбата за опстанок, и така треба да бидат третирани. Во таа борба треба да победат посилните зашто Дарвин не завршува кај мајмуните, а посилни се посуровите, побескрупулозните, поалчните, тие што немаат милост за ништо и за никого. Планетата земја е тука за да биде „искористена“ во таа борба за опстанок, и зошто да не, за доминација на посилните врз послабите. Ако треба, може да се „искористи“ дури и религијата, да речеме како средство за политичка манипулација, или за извор на туристички девизи, за развој на манастирски туризам, или за „брендирање“ на Македонија како земја со многу икони. Важно е да носи профит, а кој е на тие икони насликан, и кому се посветени тие манастири, тоа е споредно.

Дали сето ова ви звучи од некаде познато? Да - тоа е светот во кој секојдневно живееме. Таму се има „скриено“ нашиот слободољубив атеизам, таму има пуштено длабоки жили, оттаму работи. Токму така - во нашиот обичен, секојдневен, понекогаш банален свет владее атеистичкиот материјализам. Дури и кога луѓето сами за себе велат дека веруваат во Бога, ако искрено ги претресат своите вистински верувања, ќе согледаат дека во суштина се предадени, често фанатично, на идеите на атеизмот и материјализмот. Поточно, длабоко се индоктринирани од идеите на атеизмот и материјализмот.

А каде можел некој подобро да ги индоктринира, ако не во образовниот систем низ кој поминале. Од истиот тој систем во кој атеизмот „се башкареше“ кој знае колку време, со дебела политичка поддршка, сега се бара да направи место за другите уверувања кои имаат право на место под сонцето. И тоа тешко му паѓа. Реакциите се очекувани. Сфаќате ли сега зошто атеизмот мрази да се изучува веронаука во училиштата - затоа што не му се испушта од раце власта врз човечките души. А тоа, ќе признаете, не е нималку демократски.

Веронауката во школите е практикување на уставното право на слобода на уверувањето, а бркањето на веронауката од школите и одложување со нејзиното воведување е кршење на тоа уставно право. Изговорот дека со тоа се штити секуларноста на државата е неоснован зашто не се бара од државата да се устрои по сфаќањата на некоја од тие религии туку да овозможи слобода на мислата и уверувањето. Покрај тоа, меѓу даночниците кои ги финансираат тие училишта има голем број верници. Не може сите да плаќаат, а во училниците да се „негува“ само атеизам и материјализам. И тоа не е демократски, нели.

Без никакво заобиколување, има една причина зошто во училиштата во Македонија да се воведе веронауката - за да им се помогне на нашите деца да научат да веруваат во Бога, односно за да не станат атеисти и материјалисти. Тоа е една, ама многу вредна причина.



презимено од весникот „Шпиц“,
број 108, од 06.10.2006 год.

